Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
КСЗД
Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 0801-230/6
22.12.2021 година

Согласно член 47 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Службен весник на Република Северна Македонија бр. 258/30.10.2020 година), започнатите постапки за заштита од дискриминација, како и поднесените претставки по кои не е започната постапка до денот на влегување во сила на овој закон, ќе завршат според одредбите од овој закон. Соодветно на законската надлежност, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација ја презеде претставката бр. 0801-230/1 од 19.07.2019 година, поднесена од [redacted]" од Скопје, против Државна изборна комисија, за извршена директна дискриминација врз основа на личен или општествен статус во областа на правосудство и управа, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 5 од Законот за спречување и заштита од дискриминација на 14.12.2021 година го донесе следното

## МИСЛЕЊЕ

**СЕ УТВРДУВА ДИРЕКТНА ДИСКРИМИНАЦИЈА**, врз основа на личен и општествен статус во областа на правосудство и управа од страна на Управата за извршување на санкции при Министерство за правда кон граѓани кои издржувале казна затвор или биле во притвор во казнено-поправните установи во Република Северна Македонија во периодот на одржување на претседателските избори во 2019 година.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

До Комисијата за спречување и заштита од дискриминација поднесена е претставка со архивски број 0801-230 од 19.07.2019 година, од подносителот [redacted]" од Скопје, за сторена директна дискриминација врз основа на личен или општествен статус во областа на правосудство и управа од страна на Државната изборна комисија.

Согласно наводите во претставката, поднесувачот [redacted] тврди дека сторена е дискриминација врз лицата кои биле сместени во казнено - поправни домови во затвор или притвор, во периодот кога се одржувале претседателските избори 2019 во Република Северна Македонија, бидејќи им било оневозможено да го остварат уставно гарантираното право на глас во просториите на казнено - поправните домови каде биле сместени, поради поминат рок на важност на лични документи, согласно член 113 и член 108 став 4 од Изборниот законик (Службен весник на Република Македонија, број 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 54/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16, 142/16, 67/17,125/17,35/18, 99/18,140/18, 208/18, 27/19 и Службен весник на Република Северна Македонија", број 98/19, 42/20).

Како што е наведено во претставката, со отпочнувањето на извршување на санкцијата, согласно член 97 став од Законот за извршување на санкциите (Службен весник на Република Северна Македонија бр.2/2006 од 09.01.2006), личните документи на затворениците при нивниот прием, се предаваат на затворската установа со цел утврдување на идентитетот на осуденикот, при што се врши фотографирање и дактилоскопирање на осуденикот и се врши скенирање на документацијата. Па така, за идентитетот на осуденикот, гарантира институцијата во која што истиот се наоѓа. Дополнително, како што подносителот тврди во претставката, според податоците објавени на веб страницата на Граѓанската асоцијација „МОСТ" која ги набљудувала претседателските избори во 2019 година, 277 лица не биле запишани во Избирачкиот список, со што не биле во можност да го остварат правото на глас, бидејќи немале увид во важноста на личниот документ.

Имајќи ги предвид ваквите наводи, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација од приложените докази констатираше дека ваквите тврдења се веројатни и согласно член 24 став 7, а во врска со член 26 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, на ден 03.06.2021 година испрати Известување бр. 0801-230/2 за произнесување кон наводите од претставката до Државна изборна комисија како потенцијален дискриминатор.

Во одговорот на претставката од Државната изборна комисија од ден 13.07.2021 година, ДИК потенцира дека се свесни за постоењето на ваквите неправилности и за детектирањето на оваа системска грешка. Државната изборна комисија при средби со Министерството за внатрешни работи и Управата за извршување на санкциите, во повеќе наврати укажувала за отстранување на ваквата појава, со цел да се преземат конкретни активности за решавање на ваквиот проблем со кој се соочуваат осудениците во казнено – поправните установи во Република Северна Македонија.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, при дополнителна анализа на важечките законски прописи и Изборниот законик, утврди дека согласно член 44 став 1 од Изборниот законик, органот кој е надлежен да достави податоци за евиденција во Избирачкиот список е Управата за извршување на санкции. Дотолку повеќе, според член 44 став 4, по распишувањето на изборите, Управата за извршување на санкции има обврска да ги повика и да им овозможи на лицата кои се во притвор или се наоѓаат на извршување казна затвор да ги обноват своите лични документи.

Со оглед на утврдената обврска на Управата за извршување на санкции за постапување согласно позитивните законски одредби, како и на утврдениот системски проблем со кој се соочуваат осудените лица во казнено – поправните установи, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација на ден 23.11.2021 година достави и Барање за информација до Управата за извршување на санкции со цел да се произнесат по наводите во претставката и акциониот план за преземените чекори во правец на решавање на конкретниот проблем воочен од страна на ДИК. До денот на утврдување на ова мислење од страна на Управата за извршување на санкции не пристигна одговор за нивното произнесување по претставката и за преземените активности.

Со оглед на утврдената фактичка состојба, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација утврди дека со непостапувањето согласно законските надлежности на Управата за извршување на санкции, извршена е повреда на правото на ажурирање на личната карта на осудените лица, содржано во член 215 од Законот за извршување на санкции (Службен весник на Република Северна Македонија бр. 99/2019 од 21.05.2019 година). Дополнително, директорите на казнено – поправните установи не постапиле соодветно на нивните законски надлежности за остварување на правата на осудените и притворените лица, со што извршиле повреда на член 31 од Законот за извршување на санкции.

Имајќи ја предвид фактичката состојба, како и законската дефиниција за директна дискриминација од член 8, став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација:

*„(1) Директна дискриминација постои кога со едно лице или со група се постапува, се постапувало или би се постапувало понеповолно во однос на друго лице или група во фактичка или можна споредлива или слична ситуација, врз дискриминаторска основа“*

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, констатира дека Управата за извршување на санкции и директорите на казнено – поправните установи, со своето непостапување за време на претседателските избори во 2019 година, извршиле повреда на правата на осудените лица сместени во казнено – поправните установи и ја ставиле оваа група на граѓани во понеповолна положба во однос на останатите граѓани на Република Северна Македонија при остварување на нивното избирачко право гарантирано во член 22 од Уставот на Република Северна Македонија (Службен весник на Република Македонија бр. 52/1991, 1/1992, 31/1998, 91/2001, 84/2003, 107/2005, 3/2009, 13/2009, 49/2011, 6/2019).

Постапувајќи по член 27, став 2 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација по утврдена директна дискриминација, а со цел отстранување на повредите на правото ја донесе следнава

## **П Р Е П О Р А К А**

Се препорачува на раководното лице во Управата за извршување на санкции при Министерството за правда, да ги почитува одредбите од Законот за спречување и заштита од дискриминација, според кој, оневозможувањето на остварувањето на избирачко право врз основа на личен или општествен статус преставува форма на дискриминација.

Се задолжува одговорното лице во Управата за извршување на санкции преку известување на директорите на казнено-поправните установи, да преземе соодветни мерки за обезбедување можност за ажурирање на личните документи на осудените лица во казнено – поправните установи, согласно член 22 од Уставот на Република Северна Македонија, член 44 став 1, член 44 став 4, член 113 и член 108 став 4 од Изборниот законик, како и член 31 и член 215 од Законот за извршување на санкции.

Согласно член 27, став 3 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, органот е должен да постапи по препораката и да ја отстрани повредата на правото во рок од 30 дена од денот на приемот на препораката и писмено да ја извести Комисијата дека постапил соодветно на препораката.

Доколку Управата за извршување на санкции при Министерство за правда не постапи согласно оваа препорака, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација согласно член 27, став 4 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, ќе поднесе барање за покренување на прекршочна постапка пред надлежен суд за прекршоци.

Доставено до:
1. Државна изборна комисија, Ул. Св.Кирил и Методиј бр 54, 1000 Скопје
2. [redacted] 1000 Скопје
3. Управа за извршување на санкции, ул.Димитрие Чуповски 9, 1000 Скопје

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Скопје, 22.12.2021 година

Претседателка
Весна Бендевска